РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 24-62
18-10-2022 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина ( „Сл. весник на Р.М." бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Сл.весник на Р.С.М." бр. 89/22 и 171/22 ), **Општина Струмица,** на ден **18.10.2022 година,** донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани со јачина до 2,5 MW, на КП 194 и КП 196 во КО Водоча и КП 5109 и КП 5103 во КО Вељуса вгр, општина Струмица, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање** со техн. бр. 051-11/2022 кој го донесува **Советот на Општина Струмица** согласно Програмата за изработување на урбанистички планови за 2022 година бр. 08-3016/1 од 29.04.2022 година, не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Струмица** на следната веб адреса/и: **www.strumica.gov.mk** .

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани со јачина до 2,5 MW, на КП 194 и КП 196 во КО Водоча и КП 5109 и КП 5103 во КО Вељуса вгр, општина Струмица, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, Општина Струмица** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Планот е предвиден и анализиран при донесувањето на ГУП на Општина Струмица и Локална урбанистичка планска документација за КП 194 и КП 196, во КО Водоча и КП 5109 и КП 5103, во КО Вељуса вгр, општина Струмица.

4. Влијанието врз населението и човековото здравје е минимално и занемарливо. Влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух, влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води, влијанието врз почвата, влијанието поврзано со управување со отпад се исто така минимални и занемарливи. Позитивни влијанија ќе има врз социо-економската состојба на населението преку вработување и економска благосостојба.

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА СТРУМИЦА
Костадин Костадинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА СТРУМИЦА